**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 август 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 13,17 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа по 56-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Иван Анастасовски, Љубчо Георгиевски, Марјан Додовски, Данаил Дончев, Весна Јаневска, Стојан Андов, Елмазе Селмани, Али Ахмети, Фазли Велију, Теута Арифи, Џеват Адеми, Шабан Салију, Павле Трајанов, Гарип Каба, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Даут Реџепи, Јован Манасијевски, Илинка Митрева, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска и Никола Ќуркчиев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите уште еднаш да ги пребројат присутните пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собрнието може полноважно да одлучува.

**Предлог за донесување на Закон за лековите и медицинските помагала, со Предлог на закон.**

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за лековите и медицинските помагала.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 60, воздржано 1, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 58, воздржано 1, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 29 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Јован Гинев поднесе амандман на член 108 ставови 6, 7, 8 и 9, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Азиз Положани, Зумрете Јакупи, Блерим Беџети, Селвије Салиу и Ајше Селмани, поднесоа амандмани за менување на член 8, член 83 став 1, член 84 став 1, член 108 ставови 6, 7, 8 и 9, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓорѓи Оровчанец поднесе амандмани на член 29 ставови 3 и 4, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски поднесоа амандмани на член 29 став 3, член 29 став 4, член 29 за бришење на ставот 5, член 30 став 1 за бришење на член 35, член 37 став 3, член 88, член 72 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 72 за додавање три нови ставови 2, 3 и 4 по ставот 1, член 72 за додавање два нови ставови 2 и 3 по ставот 1, член 72 за додавање нов став 2 по ставот 1, член73 за бришење на став 4, член 97 став 1 за менување на точка 2, член 108 за бришење на став 5, член 108 став 6, член 108 став 7, член 108 став 8, член 108 став 9, член 108 ставови 6, 7 и 8, член 108 став 9, член 108 за додавање нов став 13 по ставот 12, член 144 став 1, член 147 за заменување на ставот 1 со два нови ставови 1 и 2, член 154 став 1 за бришење на точка 35 и на член 156, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Цветанка Иванова поднесоа амандмани на член 29 став 3, член 29 за бришење на ставовите 4 и 5, член 30 став 1, член 108 став 6, член 108 став 7, член 108 став 8 и на член 108 став 9, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Весна Јаневска и Валентина божиновска поднесоа амандман на член 2 точка 2 алинеја 2, член 4 став 3 и на член 29 став 3, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 точка 2 алинеја 2, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, министерот за здравство Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман и според тоа амандманот станува составен дел од Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 3, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, министерот за здравство Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа и овој амандман и според тоа амандманот станува составен дел од Законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на на член 8, поднесен од пратениците Азис Положани, Зумрете Јакупи, Блерим Беџети, Селвије Салиу и Ајше Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, министерот за здравство Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Веројатно заради брзоплетоста на спремање на законот во една фаза освен некои други пропусти сигурно има и пропусти кои се од номотехнички карактер и кои што при нивно читање тешко е да се снајдат, или да има некој ред во некои постапки кои што треба да се спроведат. Карактеристично за таа работа е членот 8 каде што, еве тука има и правници, ако го читаат членот ќе видат дека се мешани. Прво, се зборува како се избира комисијата, па после принципите, па после пак се враќа на начинот на кој ги предлага итн. Со еден збор сакам со овој амандман членот 8 да го уредиме на тој начин да биде и логичен и од номотехнички аспект појасен за сите тие кои што ќе треба да го спроведат. Затоа нека го читаат колегите и ќе видат дека има логика сето тоа што го кажав и би требало да биде прифатен. Зачуден сум од тоа зошто и министерот не го прифати.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници, за гласале 7 пратеници, воздржано 2, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 29 став 3 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец, амандманот на член 29 став 3 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски и амандманот на член 29 став 3 поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Цветанка Иванова се со иста содржина.

Предлагам по овоие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив одделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 58 пратеници, за гласале 54, воздржани нема, против 4.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 3, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец, амандманот на член 29 став 3 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски и по амандманот на член 29 став 3 поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата, министерот за здравство Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Кире Гештаковски, повелете.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине претседателе,

Повеќе пати до сега почитуван министре, почитувани пратеници, разговаравме и дискутиравме зошто ова законско решение, овој амандман треба да се прифати, се со цел да се подобри законското решение. Сега ќе ги кажам сумирано сите причини како би парламентарното мнозинство, ако може да се убеди за целисходноста на прифаќањето на овој амандман од страна на министерот за здравство.

Ставот 3 од членот 29 од Предлог-законот за лекови го предвидува периодот за одобрување односно за добивање на дозвола за ставање лек во промет кој, по законите на Европската унија, е 210 дена. Или во случај на признавање на веќе направената проценка која ја направила друга земја членка на Европската унија е 90 дена.

Во Предлог-законот за лекови е дополнително скратен овој период на 15 дена. Прво, никој од Европската унија не го бара тоа од нас, не го бара бидејќи не може да го бара бидејќи меѓу нив, меѓу самите членки на Европската унија нема 15 дена, туку најмалиот период е 90 дена.

Во вчерашното излагање на министерот кажа во добри намери дека овој закон не се носи за една година, за две, за следниве 10, 20 години. Се прилагодува кон законската регулатива на Европската унија, но тоа едноставно не држи бидејќи самите членки на Европската унија тоа не го бараат ниту го применуваат. Бидејќи е невозможно тоа да се примени. Зашто е невозможно ќе кажам сега повеќе причини.

Значи, периодот од 15 дена за авторизација, администрација не постои ниту во европската регулатива, кон кое и овој закон се усогласуваше, бидејќи самите членки од Европската унија меѓу себе се чекаат најмалку 90 дена.

15 дена е период, Европската унија од нас како што кажав и не го бара, ниту може да го бара, бидејќи и самата го нема. 15 дена рок на регистрација е толку краток што не му овозможува на надлежниот орган да направи ни соодветна административна процедура на признавање на туѓото решение.

Во овој период не им дозволува на домашните експерти да ја прегледаат документацијата за квалитет, безбедност и ефикасност на лекот која е многу обемна и да потврдат идентичност со истата која е приложена во Европската унија, што директно влијае на квалитетот, безбедноста и ефикасноста на лековите кои ќе се продаваат во Република Македонија. Во овој период не им дозволува на домашните експерти да ја прегледаат целокупнат документација со што им се оневозоможува тренинг на европско подготвената документација, кој тренинг е суштествено потребен за моментот кога Македонија ќе стане членка на Европската унија и со тоа дел од европските процедури кога тие експерти ќе мораат да ја превземат стручната одговорност на ниво на Европската унија.

Овој период е прекраток за таква сложена и обеман постапка, заради тоа е голема веројатноста тој период во праксата да не може да се испочитува, бидејќи постапката вклучува и состанок на Комисијата за лекови, а тоа отовара можност на фирмите да после тоа, бидејќи рокот нема да се спази, да го тужат Министерството или Фондот за здравствено осигурување и да си ја надокнадат средствата.

Овој период не во склад со барањата на Европската унија, што ќе биде и евидентно од кореcподентната табела која во тој случај, за жал, ќе ја наруши цеокупната  хармонизација на тој закон.

Исто така, кон предлогот за скратување на рокот за регистрација за 15 дена, додаден е уште еден многу лош додаток односно став дополнителен кој гласи: доколку здравствените власти во Македонија не успеат за овој краток период да направат евалуација на досиеата за регистрација, по исткот на овој рок истите се сметаат за регистрирани автоматски.

Ова претставува преседан во Република Македонија во регулација на лековите и воедно ризик и за пациентите и за здравствените власти во нашата држава.

Едно кратко потсетување. Во Европската унија постојат повеќе процедури за регистрација кои битно се разликуваат меѓу себе. Едната процедура е да се регистрираат лековите преку т.н. централизиран орган, односно централизирана процедура во Европската агенција за регистрација на лековите или скратено ЕМЕА. И друга процедура, лекови регистрирани на меѓусебно признавање, односно децентрализирана процедура, односно националана процедура која се однесува на поединачни земји членки на Европската унија.

Законите хармонизирани со истите на Европската унија единствено административно и брзо се дозволуваат да ги регистрираат лековите кои во Европската унија поминале т.н. централизирана процедура. А Република Македонија, ќе мора да признаете дека до оваа фаза, за следните 10 години нема да стигне. Тоа се најчесто лековие што се добиваат  со висока технологија, биотехнолошки лекови или лекови кои претставуваат иновација во лекувањето, кои се долготрајно и осежно тестирани и за овие лекови, дури за цела Европа постојата само 6-7 експерти.

За овие лекови, сосема е нормално, државите со хармонизирана легислатива да ги признаваат регистрациите во краток временски период. Но, не помал од 90 дена. Значи и на овој начин на регистрација, меѓу членките на Европската унија повторно постои период од 90 дена.

Лековите регистрирани по останатите процедури, односно националните, децентрилизираните, најчесто генерички лекови, ниту во Европската унија ниту во земјите кои се хармонизираат со Европската унија не се регистрираат за така крток период.

Конечно, 15 и 60 денови без дистинкција помеѓу горе наведените  различни типови на лекови ја става во дискириминаторна позиција домашната индустрија што мора да чека 210 дена за регистрација на свој сопствен производ, лек во неговата сопствена држава. А, знаеме колку е тешка и долга процедурата за да се отвори еден нов индустриски циклус на производство на лекови во Република Македонија.

Конечно, 15 дена регистрација, особено за генеричките лекови кои доаѓаат од Европската унија претставува и ризик за самите пациенти. А, и голема одговорност за Министерството за здравство, што по дефиниција се грижи за здравјето на пациентите. Објаснувањето на Министерството за здравство и Бирото за лекови е ние да пробаме, па ако не оди и ако има пропусти тоа ќе го измениме. Во здравството, многу пати имам повторено, не се игра на тој начин. Во здравството, бидејќи е најчувствителен сегмент, каде се доведува во прашање здравјето и животот на пациентите, односно на граѓаните на Република Македонија, не смее да се експериментира. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Ќе морам најпрво да реагирам, по кој знае кој пат се случува Владата, откако ќе измине законскиот рок односно деловничкиот рок, се извинувам, што како пратеници имаме право да делуваме амандмански врз текстот на Предлогот на законот, Владата со свој амандман директно да го измени.

Така што во овој момент, овие амандмани се сосема изместени од контекстот на кои се однесуваа.

Но, во ниту еден случај, господине мнистре, нема да го изместиме нашиот став дека, доколку претендирате да не убедите дека станува збор дека пред нас нудите европски закон, ќе мора да ги почитувате и европските критериуми.

Европските критериуми говорат дека апсолутно во секоја земја, членка на Европската унија рокот што го има Агенцијата, пред да издаде дозвола за

ставање на тој лек во промет е 90 дена. Ниту помалку, ниту повеќе.

Јас мислам дека навистина превземате сериозна лична одговорност, бидејќи ако имаме предвид дека еден од основните критериуми за неше полноправно членство во Европската унија е овозможување, создавање услови, се разбира преку законска регулатива за либерализација на пазарот, во конкретниот случај станува збор за пазар и промет со лекови, а тоа подразбира ништо друго освен еднакви услови за сите субјекти на тој пазар. Вие форсирата нешто спротивно. Вие форсирате дискриминаторски принципи врз определени субјекти. И, немате одговор, иако веќе 5-ти пат ви го поставуваме ова прашање.

Вчера, господине претседател, седницата беше одложена за 3 часа бидејќи господинот министер имал други обврски, што секако оди на ваш товар. Меѓутоа не ја гледам логиката зошто вчера не работевме 3 часа кога и онака седно е и кога е отсутен и кога е присутен, министерот не одговара на нашите прашања, не дава дообјаснувања во врска со законот, иако деловнички е обврзан на тоа. А, се разбира, како што сте предвиделе во 5-от став во овој член, дека молчењето е одобрување, мислам дека на сите ни станува јасно.

Овој закон ќе го донесеме со фабричка мана. И тоа сериозна фабричка мана. Овој закон ќе биде оспоруван од многу повисоки инстанци. Овој закон, сигурна сум и убедена сум, ќе добиеме голем минус во извештајот на Европската унија. Впрочем, за кого го донесуваме овој закон? Евидентна е потребата да се регулира прометот на лекови и медицински помагала на европски начин. Значи, не спориме и стоиме зад тоа.

Дајте да бидеме сериозни сите. Повик до пратениците од владеачкото мнозинство. Во моментот кога ќе гласате околу овој амандман, да се убедени дека гласаат за или против европски закон. Одговорноста, претпоставувам дека лично ќе ја сноси господинот министер кога овој закон, практично, ќе ги покаже на терен своите крупни недостатоци. И, наместо да ставиме ред во хаосот околу прометот со лекови, ние ќе го фаворизираме. И, ќе има реакции. Не само од граѓаните конзументи на лековите и медицинските помагала, туку и на сите субјекти кои учествуваат во прометот. Тоа се производителите, тоа се трговците на големо, тоа се трговците на мало.

Заднина во менувањето на членот 29 и обидот на Владата да фингира дека нешто ќе се подобри во членот 29 укажува на јасната тенденција. Оваа Влада по којзнае кој пат, благодарение на вас почитувани колеги од владеачкото мнозинство, на сила ќе протурка закон кој нема да биде квалитетен. На сила ќе протурка закон што ќе има бурни реакции. Бидете убеден во тоа.

И, токму заради тоа мислев дека е крајно време господинот министер, бидејќи сум убедена дека му е сосема јасно дека опозиционите пратеници кои дале забелешки на овој закон се во право, мислев дека ќе смогне сили да го измени.

Доколку не помине овој амандман, не гледам повеќе ниту причина да учествуваме во фарсата наречена донесување на “европски закон” за лекови и медицински помагала. Тогаш, почитувани колеги од владеачкото мнозинство, повелете, понесете ја својата лична одговорност за катастрофалните последици што ќе настанат на терен токму од донесвуањето на ваков закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Миле Пачемски има реплика.

Вашите три минути господине Пачемски.

**Миле Пачемски:** Благодарам господине претседателе.

За што се работи, за една одредба во законот за регистрација на лек што веќе е регистриран во земјите членки во Европската унија, кај нас таа регистрација да трае само 15 дена? Од проста причина што ние, како сиромашна држава имаме одредени капацитети, одреден број на лабаратории на кои што може да се изврши една таква проверка на лек што доаѓа од земја членка на Европската унија. Односно, која би била логиката ако некој лек се употребува во Англија, Франиција или Шпанија, Велика Британија да во Македонија проверуваме, преку нашите лабаратории, дали таму во нивните лабо444ратирии навистина квалитетно го провериле.

Од тие причини, рокот за пријавување мислам дека е сосема доволен 15 дена. Всушнот, од тие 15 дена ние ја припишувам, даваме согласност, даваме доверба на целокупната медицинска документација во постапката на регистрација на тој лек во тие странски држави. Затоа овој рок од 15 дена мислам дека е сосема добро, барем во оној момент кога навистина имаме органичени капацитети. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам,

Колега Пачемски, ми се чини дека ви е сосема јасно дека не е случаен изборот да толку краток период од 15 дена. Тоа е во најтесна коолерација со последниот став, каде што под превезот на регулаторна гилотина господинот министер предвидел “ молчењето е злато”, молчењето е одобрување. 16-тиот ден на мала врата да бидат пуштени во промет скандалозни лекови, претпоставувам. Тука е најголемата мана на законот.

Инаку, зошто би се менувал законскиот рок што во првата фаза значеше 90 дена? Тука е дупката на законот за што претпоставувам дека вие лично нема да се согласите. Нема да се согласите до граѓаните на Република Македонија да доаѓаат непроверени лекови, и навистина ќе станеме депонија на лекови. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Гештаковски за збор или за реплика?

За збор, повелете.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине претседателе, ќе бидам краток.

Само да објаснам неколку недоумици што настанаа после репликите.

Не се согласувам со господин Пачемски кога кажа кои сме ние како сиромашна држава да ги провеpуваме Германија, Шпанија, и другите.

Почитуван колега,

За здравјето на нашите деца, за здравјето и животот на нашите граѓани мора оваа сиромашна држава сама да се грижи. Што ќе се случи ако во најмалку три референтни цени од Европската унија се погодат да бидат Романија, Бугарија и Кипар кога самите членки на Европската унија, како што се Германија, богатите и моќни, не ги прифаќаат ни внатре во нивниот круг регистрациите на тие новопримени членки, земји во Европската унија? Што ако се случи ние да прифатиме регистриран лек од каде е регистриран според овој закон, во најмалку три држави, а тие да бидат Грција, Кипар, Романија, Бугарија.

И секогаш не лековите произведени и регистрирани во Европската унија, вие знаете какви се шпекулации се прават, колкав е профитот од тој бизнис. Голем е профитот. Може регистриран лек од Индија и Пакистан да се дава на пазарите на Европската унија. Не на пазарите на членките на Европската унија, туку на вакви земји со вакви лоши закони.

Понатаму, не разбирам зошто 15 дена? Никој од нас тоа не го бара. Ако сакаме да се пофалиме, ако сакаме да се пофалиме со експедитивноста, дека сме многу работливи, дека сме подготвени за 15 дена да регистрираме лек иако, ќе повторам, никој тоа од нас не го бара, во духот на таа администртивна голотина, бидете сигурни дека ова не е гилотина. Ова е самоубиство што си го правиме сами.

Нема теоретски шанси било кој лек да се регистрира за 15 дена, нема. Плус тоа немаме екипирано Биро за лекови, ни технички ни кадровски, итн, немаме можности. Знаете вие колкави фајлови има за регистрација на еден лек, па има по четири - пет огромни по едно метро огромни фајлови. Теоретски не може да се регистрира за 15 дена. Зошто водиме инает не ми е јасно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Пауза за ручек.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,16 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со седницата.

Ги молам уште еднаш пратениците кои не се влезени во салата, да влезат во салата, да продолжиме со седницата.

Продолжуваме со работа.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Амандманот на член 29 став 3 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Објавувам пауза до 16,30 часот

Ги повикувам координаторите на пратеничките групи во Охридска сала на координација.

Координацијата ќе започне во 16,00 часот.

(Пауза од 15,30 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,25 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со седницата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со седницата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со седницата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со седницата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Амандманот на член 29 став 3 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник, гласале 60 од кои за гласале 12, воздржано 2, и против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 29 став 3 поднесен од пратеникот Весна Бендевска и Кире Гештаковски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 62 пратеника, гласале 58 од кои 5 гласале за, воздржано 4 и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 29 став 3 поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Цветанка Иванова го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 63 пратеника, гласале 63 од кои 9 гласале за, воздржано 4 и 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на член 29 став 3 поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, од кои за гласале 6, воздржано 4 и 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 29 став 4 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец и амандманот на член 29 став 4 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски се со иста содржина.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив одделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, во присуство на доволен број на пратеници од кои за гласале 53, воздржано нема и 5 гласале против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отварам претрес по амандманот на член 29 став 4 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец и по амандманот на член 29 став 4 поднесен од пратениците Весна Бендеска и Кире Гештакоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Молам, дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Очигледно дека предлозите кои доаѓаат од СДСМ не се прифаќаат.

Да кажам дека во интерес на јавноста повторно станува збор сите рокови да се сведат под еден термин. 90 дена е оптомалното време кое впрочем е содржано и во сите европски закони потребно за еден лек да добие одобрение и да се стави во промет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претрсот по амандманот.

Амандманот на член 29 став 4 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на доволен број пратеници гласале 57 пратеника, од кои 10 за, воздржано 2 и 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 29 став 4 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59, за гласале 6, воздржано 1 и против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на член 29 за бришење на ставовите 4 и 5, поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓеорѓиевска и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, од кои за гласале 8, воздржани 1 и против 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на член 29 за бришење на став 5, поднесен од пратениците Весна Бендеска и Кире Гештакоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави пратеникот Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Со оглед на тоа што со овој Предлог на закон стануваме и званично светски рекордери во најкратко можно време да може согласно закон да се става било кој лек во употреба, ова ви беше последната шанса господине министер да го зачувате крајно

достоинството на Република Македонија и да не ја претворите буквално во депонија на лекови. Ќе разберев доколку го прифатевте нашиот предлог 90 дена да е рокот, па да може да има логика вашиот став дека молчењето е одобрување, кое го предлагате во овој став и значи агенцијата не би се произнела во рок од 90 дена, 91 ден е некој разумен, логичен рок со кој можеби и лекот без потребната документација може да биде ставен во промет. Но, 16 - тиот ден навистина, на мене простете ми изгледа имате тенденција или договор, или скриен договор во Македонија да може Агенцијата 15 дена да не одговара, 16-от ден да ги наоѓаме потребните договорени лекови по нашите аптеки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници од кои за гласале 9, воздржани 2 и против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 30 став 1 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски и амандманот на член 30 став 1, поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Цветанка Иванова се со иста содржина.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив одделно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник од кои за гласале 60, воздржани нема и 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски и амандманот на член 30 став 1, поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Цветанка Иванова се со иста содржина.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Сосема накратко во интерес на времето, во интерес на ефикасноста, бидејќи очигледно е дека овој закон ќе се донесе во онаа форма во која го добивме како предлог на Владата на Република Македонија предводена од Никола Груевски, токму овој став идентично отстапува од европските и светските норми. Не постои земја ниту во Европа, ниту во светот чие одобрение за ставање лек во употреба се издава на период подолг од 5 години. Очигледно е дека странските експерти оцениле дека оптималниот период е 5 години бидејќи, се разбира научните достигнувања, особено во оваа дејност одат многу побрзо и заради тоа предлагаме со овој амандман одобрението за ставање во промет да се издаваат за период од 5 години, што беше и лично ваш предлог господине министер, но во првата европска база на закони. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Амандманот на член 30 став 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 11, воздржан 1, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 30 став 1 поднесен од пратеници Мери Младеновска Ѓеоргиевска и Цветанка Иванова го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 8, воздржан 1, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 35 поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Членот 35, наш предлог е да биде избришан, бидејќи комплетно е контрадикторен на член 34 став 1 точка 1, според кој одобрението за ставање во промет престанува да важи ако е истечено времето за кое било издадено. Тоа е прв и основен услов и тоа е одредба од истиот закон содржан во член 34.

Наспроти тоа во членот 35 предвидувате: “лекот чие одобрение е истечено и не било утврдено во конкретниот рок, може да биде во промет и по истекот на рокот во времетраење од 18 месеци”.

Ако основен постулаат со кој се детерминира престанокот на важењето на одобрението на лекот е истекувањето на времето за кое било издадено, ќе има и предвиден рок во кој треба да биде побарано тој рок да биде продолжен. Не знам што се добива со ставањето на вакви законски одредби во членот 35. Комплетно контрадикторни законски постулати.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 9, воздржан 1, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот член 37 став 3, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Амандманот е тесно поврзан со нашето барање, Агенцијата во рок од 90 дена да може да го прифати или да го одбие барањето за ставањето на лек во промет.

Со оглед на тоа што, поправајќи го законот, министерот заборавил да го поправи овде терминот, заради тоа ја предлагаме промената, наместо рокот со кој Агенцијата, по приемот на комплетното барање со комплетната документација, предлагаме тој рок да изнесува 90 дена.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 12, воздржан 1, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот член 72 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Амандманот, впрочем како и сите амандмани, го поднесовме по барање на фелата од оваа област односно на претставниците на Здружението на аптеки на Македонија и претставниците на Фармацевстката комора. Тие предлагаат и бараат во овој закон јасно и децидно да бидат детерминирани и правните лице во прометот со лекови во Република Македонија, а тоа се производителите, веледрогериите и аптеките. Заради тоа и го поднесовме амандманот. Сметаме дека не му шкоди, напротив го подобрува текстот на законот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 8, воздржан 1, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот член 72 за додавање три нови ставови 2, 3 и 4 по ставот 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Со овој амандман предлагаме допрецизирање на делокругот на обврски кои ги имаат правните лица што се занимаваат со производство на лекови и сметаме дека во овој закон треба јасна дистинкција, што можат а што не можат да обавуваат производителите на лекови во промет на лекови на територијата на Република Македонија.

Значи правните лица кои произведуваат лекови ги снабдуваат правните лица кои вршат промет на големо односно можат за сопствена сметка да вршат износ на лекови надвор од Република Македонија.

Производителите не смеат да се занимаваат со промет на големо и на мало, со трговија и производителите не смеат да вршат директно снабдување до аптеките и другите правни лица кои вршат промет на мало.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 12, воздржан 1, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот член 72 за додавање два нови става 2 и 3 по ставот 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 9, воздржан 1, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот член 72 за додавање нов става 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Исто како и во претходниот амандман, тука го детерминираме делокругот на работа на правните лица кои вршат промет на големо односно веледрогериите.

За да нема хаос во прометот со лекови, мора да се знае што можат, а што не можат веледрогериите.

Значи предлагаме правните лица кои вршат промет на големо, може да вршат продажба на големо на лекови, на субјекти овластени за вршење на промет со лекови на големо и мало, како и на субјекти овластени за вршење на здравствена дејност. Значи веледрогериите смеат да дистрибуираат лекови кон малопродажбата, но и кон здравствените организации.

Правните лица кои вршат промет на големо не смеат да вршат производство, но не смеат и да вршат промет на мало.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 12, воздржан 1, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот член 73 за бришење на став 4, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** И ова е во функција на она што, фактички е детерминатор на хаосот во прометот со лекови со тоа што не се знае во прометот на лекови кој што смее, кој што не смее.

Предлог на министерот е производителот да може директно да ги снабдува здравствените установи и токму во овој сегмент сметаме дека има можност за големи корруптивни зделки. Заради тоа предлагаме производителот да смее да врши само производство на лекови, а трговијата да ја остави на правните лица во Република Македонија кои и се регистрирани за вршење на промет со лекови на големо или на мало.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 11, воздржан 1, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот член 83 став 1, поднесен од пратениците Азис Положани, Зумрете Јакупи, Блерим Беџети, Селвије Салиу и Ајше Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Збор има Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колешки и колеги,

Со овој амандман имаме за цел да се елеминираат несаканите ефекти и злоупотребата во согласност со член 2 точка 44, токму од овој закон. Значи секој лек кој ќе се стави во производство, во надворешното пакување да се дадат податоци на македонски јазик и македонското кирилично писмо и да се надополни и на друг јазик и писмо што го говорат 20% од населението на Република Македонија. Така ќе се испочитува елементарното двојство во изготвување на закони. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеник, за гласале 9, воздржани нема, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот член 84 став 1, поднесен од пратениците Азис Положани, Зумрете Јакупи, Блерим Беџети, Селвије Салиу и Ајше Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Ајше Селмани, повелете.

**Ајше Селмани:** Благодарам.

Почитувани пратеници, многу појасно овде и по овој амандман и по претходниот амандман за кој расправавме јасно говори Амандман 5 од Уставот на Република Македонија каде се уредува употребата на јазикот и писмото на граѓаните кои се најмалку 20% од вкупниот број на население. Затоа ценам дека нема место за многу дискусија, дури не беше потребно ние да интервенираме со наши амандмани затоа што тоа требаше да го направи министерот за здравство, како Албанец и сите други министри кои предлагаат закони, да го имаат предвид овој факт. Се додека се залагате за имплементација на Охридскиот рамковен договор, можеби ќе кажат дека нема потреба да го внесат прашањето на јазикот во секој закон затоа што тоа го гарантира Уставот. Но секојдневното искуство кажува спротивно, дека имплементацијата на Охридскиот договор од ден на ден се намалува. Затоа мислам дека е повеќе од потребно во секој закон кој има врска со јазикот или со изјавите и многу други работи, и овие прашања треба да се прецизираат за да не се остави простор за манипулации и недоречености.

Секогаш кога министрите ги образлагаат законите, за да не убедат зошто треба да се гласаат истите, се фалат дека законот е совршен. Како може да се каже за еден ваков закон такво нешто кога не се почитува Уставот на Република Македонија кој е столбот на сите закони, истовремено основа врз која се гради една држава во која треба да се поддржат сите други закони.

Навистина ме чуди фактот зошто еден министер Албанец не го прифати нашиот амандман. Се додека го крши Уставот, го крши врз својот мајчин јазик, како да не се очекува да не се крши врз еден амандман од опозицијата во целост, односно ДУИ.

Другата причина од која мислам дека треба да се изгласа овој амандман е тоа дека во членот 84 од овој закон, се говори за една чувствителна материја како што се лековите и нивната употреба. Како ќе се разбере употребата на лековите, начинот на чување, нивната содржина итн, подобро од мајчиниот јазик.

Исто така во член 83 од овој закон односно член 84, се вели дека истите информации за употребата на лековите можат да се направат на еден или на повеќе странски јазици. Се разбира ова е разумно затоа што се работи за употребата на лековите и другите медицински помагала. Правилната употреба на податоците и упатствата е во функција на отстранување на секакви несакани ефекти и злоупотреби. Тоа е и во согласност со член 2 став 44 од овој Предлог закон каде се вели дека упатствата треба да бидат напишани на јазик кој е разбирлив и јасен за пациентот. Затоа длабоко сум убеден дека ова прашање во однос на јазикот кој го говорат над 20% од граѓаните во Република Македонија , нема да го оштети никого, напротив ќе им помогне на пациентите да се чувствуваат посигурни во употребата на лекарствата. Се додека оваа потреба не ја разбере министерот за здравство кој не го прифати овој наш амандман, верувам дека пратениците во целост, а посебно пратениците Албанци ќе имаат свест за да го поддржат овој наш амандман и на пациентите Албанци да им овозможиме да го разберат упатството за употреба на лекарствата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Со внимание ја сослушав дискусијата на госпоѓа Селмани, но она што може да се констатира е дека токму кај вас, прашањето во однос на јазикот е значајно сега кога сте во опозиција. Во текот на изминатите 4 години кога бевте на власт требаше да ја решите употребата на албанскиот јазик и денес воопшто да не се дискутира околу ова прашање.

Но, во немање на способност да се направи вакво нешто, денес инсистирате вината да ја префрлите на некој друг. Потоа, од кога за вас Уставот стана основа за сите закони. Од сега, една година или требаше да биде основа за сите закони од пред пет години, тогаш кога вие дојдовте на власт. На крајот на краиштата, колку министри имавте вие во Владата на Република Македонија кога вие бевте на власт и колку закони вие донесовте онака како што вие денес тоа го барате. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Ајше Селмани, повелете вашата една минута.

**Ајше Селмани:** И благодарам на госпоѓа Флора Кадриу за искажаната реплика, по се изгледа е навикната истите реплики да им ги прави на сите наши пратеници и ова се гледа како касета од нивното искажување и би сакала да знам колку и

пречи на госпоѓата албанскиот јазик за што секогаш прават реплики против нас кога се јавуваме со наши излагања или кога предлагаме амандмани во однос на јазикот, зошто имаат фобија и тие и другите пратеници од парламентарното мнозинство од албанскиот јазик. Таа многу добро знае кога ние говориме албански не изнесуваме куршуми туку убави зборови и со нив формираме разни реченици за да се разбереме. Не знам зошто е потребно тие да го спомнуваат минатото или сегашноста кога сега во овој момент е овој закон и треба да реагираме во однос на овој закон, за да не се повторат грешките.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Незири,повелете имате збор.

**Сафет Незири:** Благодарам.

Јас врз основа на овој закон кој што е предложен и во однос на амандманите предложени од парламентарната група ДУИ, ПДП и самата колешка моја направи една елаборација во детали, со што ги дава објаснувањата на конкретен начин, со цел за техничко подобрување на овој дел во насока на употреба на албанскиот јазик. Многу добро знаеме сите оние кои живееле во претходниот систем и во заедничката федерација на Југославија, секој лек беше напишан на сите јазици, на сите националности кои што живееа во Југославија беа преведени како резултат на тоа дека треба да се упати пациентот подобро во однос на употребата на лекот или нешто што е идентично. Наместо да се оди натаму, освен на албанскиот јазик да биде презентиран на насока на упатство како треба да се употреби некој лек, јас мислам дека треба да се збогати законот и со повеќе јазици и со оние јазици кои сочинуваат 0,5% од граѓаните на Република Македонија, а не само оние и ние кои што сме со минимум 25% како државјани на Република Македонија. Мислам дека сега дали постои некоја наредба или пак некоја директива албанскиот јазик да не биде вклучен како законска норматива и правна, во овој закон, со што ќе се подобри и состојбата на комуникација и на албанците во однос на употребата и конзумирање на лековите. Ова е еден голем знак прашалник и една голема дилема. Се поставува прашањето дали граѓаните Албанци во Македонија немаат право да се запознаат со упатството во однос на употребата на еден лек или пак предимство имаат само македонците во државата. Ова е една голема дилема и еден претходен говорник во однос на реплика кој рече дека и почна со навистина неосновани обвинувања, што не е во ред, но како и да е секој што се чувствува себеси дека е Албанец, , а не да го напаѓа својот јазик како што реагираше навистина треба да се брани законот онака како што треба госпоѓа Флора. Јас мислам дека се води една многу лоша политика, една политика која што е повеќе пропагандистичка, отколку што е една реална политика. Не ме зачудува случајот дека еден министер Албанец да не ја заме предвид употребата на албанскиот јазик во однос на упатството на овие лекови. Јас поставувам прашање каде е проблемот, каде е пречката за неприсуството на албанскиот јазик на овие упатства на овие лекови. Дали можеби е некоја фобија во однос на албанскиот јазик и кај самите Албанци министри или пак е нешто друго во прашање. Верувајте јас не велам дека овој амандман навистина треба да се прифати, пред се, од македонските пратеници, но ќе видиме како ќе реагираат пратениците од мнозинстовото во однос на пратениците Албанци во коалицијата. Многу ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Агим Рамадани, повелете вашите три минути.

**Агим Рамадани:** Благодарам господине претседателе.

Сум принуден да му реплицирам на господинот, кој во име на неговата дискусија сака денес да се повика како еден голем албански патриот, бидејќи бара законот парцијално да биде под разни други закони донесени од оваа Влада.

Но, ќе му кажам на господинот дека законот за јазикот е кардинален закон, закон кој бара една прецизна елаборација кој ќе биде подржан од Уставот на Република Македонија и закон кој ќе ги искаже интересите на Албанскиот народ овде во Македонија. Значи, не е денес моментот преку упатствата во лекарствата да се пишува тој начин на законот на парцијален начин, но ќе ви кажам, во име на ДПА ќе се реши и законот за употребата на албанскиот јазик во согласност со Уставот и постојните закони. Значи и овој закон ќе дојде на дневен ред, ќе се имплементира и врз основа на овој закон ќе се изменат сите форми на официјалното пишување на Република Македонија и денес воопшто нема место вие да вршите патриотска политика во наводници во полза на тоа дека вие денес сте во позиција, заборавајќи дека истиот закон уште од 2002 година веднаш по војната имавте многу поголеми можности да го донесете. Тогаш беше време кога требаше да се донесе закон по војната и време кога можеше да поминат многу полесно овие закони. Вие тоа не го направивте, но денес го барате. Ние, албанскиот парципиент во Владата не дека тоа го бара, туку не обвинувате како антипатриоти, антиалбанци и велите што е најлошото дека имаме фобија од нашиот мајчин јазик. Не господине, фобија од мајчиниот никој не е нормален во овој свет, нема. Но, вие имате фобија од начинот на вашиот став во Парламентот како опозиција. Преку ова ја покривате вистината и ставате маски на вашите лица дека сакате само власт и војната за власт ја надоместувате со предавства на другите. Уште еднаш ќе кажам законот за албанскиот јазик ќе дојде на дневен ред така како што тоа ќе го предложи ДПА и ќе се употребува во согласност со Уставот и постојите закони. Ве молам, реториката за фобиите, предавствата и разните можности како антиалбанци која ја употребувате, по тоа дека не ви е добро, бидејќи губите вие, а не

ние, сите заедно на овој начин ќе добиеме. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сафет Незири, контра реплика, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам.

Со внимание го сослушав и колку што гледам мојот колега зборовите му беа празни зборови кои што немаат никаква содржина, ни политичка, ни национална. Што се однесува до патриотизмот, многу добро се знае кој го изрази патриотизмот во текот на една година и која е вашата позиција во оваа Влада. Јас мислам дека е многу добро човекот да се погледа самиот себеси во огледало и да види во кој стадиум е, во која позиција е. Многу добро се знае дека во координација во текот на вчерашниот ден се донесе одлука на приоритетната листа да биде албанскиот јазик, а вашиот претставник денеска господин Агим Рамадани ни даде подршка дека албанскиот јазик и употребата на албанскиот јазик да биде на приоритетна листа на законите. Ова само по себе говори за вашиот лажен патриотизам, навистина. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги повикувам службите да достават точен број на пратеници во салата.

Од 61 присутен пратеник, гласале 54, за гласале 60, воздржано нема, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 88, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 48 пратеници, за гласале 2, воздржано 1, против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 97 став 1 за менување на точка 2, поднесен од пратерниците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани.

**Имер Селмани:** Амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот

Збор има Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Иако во законот е предвидено Агенцијата да ги информира здравствените работници за лековите што добиле одобрение преку објавување на листа во Службен весник и преку објавување регистар на лекови на начин кој ќе им биде достапен на здравствените работници, сметаме дека е добро регистарот на лекови на Република Македонија да им биде достапен на здравствените работници со јасно наведена малопродажна цена за секој лек поединачно, кој задолжително ќе се објавува на ВЕБ-страната на Министерството за здравство. Мислиме дека апсолутно е прифатливо решение многу повеќе, отколку законското решение, кое предвидува објавување регистар на лекови на начин достапен на здравствените работници, кое е многу помалку детерминирано, многу поконфузно решение. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеник, за гласале 6, воздржано нема, против 51.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 108 за бришење на став 5, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани.

**Имер Селмани:** Владата не гоприфаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има госпоѓа Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Не се ни сомневав господине министре, бидејќи дојдовме токму до суштината. Најважно ви беше за овој амандман, иако сте навеле дека формирањето на цените на локовите ќе биде недискриминаторен и нема да дозволува дампинг, вие токму со одредбите од член 108 овозможувате и дампинг цени, овозможувате и хаос.

Во ставот 5 велите дека производителот може да ги снабдува здравствените установи со лекови од својата програма директно или преку сопствена веледрогерија.

Затоа предлагавме јасна дистинкција помеѓу сите субјекти во прометот со лекови, помеѓу производителите, помеѓу веледрогериите и помеѓу малопродажбата.

Вие овде, претпоставувам, не дека е случајно, туку намерно протежирате дека секој производител може да си регистрира сопствена веледрогерија, сопствената веледрогернија сопствени аптеки, сопствена мало продажба каде може јасно да се прави упад на цените на лековите во Република Македонија. Да се креира хаос на грбот и на џебот на граѓаните на Република Македонија.

Ова е сосема јасно, но повторно ќе нагласам, ќе сносите лично одговорност за хаосот што ќе настане веднаш откако ќе почне да се применува овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, за гласале 7, против 44, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 108 став 6, поднесен од пратениците Азис Положани, Зумрете Јакупи, Блерим Беџети, Селвије Салиу и Ајше Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, за гласале 8, воздржани 1, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 108 став 6, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Во интерес на времето, повторно ќе нагласам, ќе ми дозволите во елаборацијата на овој амандман да се повика на следните неколку амандмани, бидејќи се однесуваат на истиот член. За да не трошам време, бидејќи не можам да најдам разбирање за моите амандмани, заедно со колегата Гештаковски кои ги поднесовме, кај министерот.

Станува збор, доколку господине министер имате намера да обезбедите фиксни цени за лековите на Република Македонија не смеевте да вршите интервенција во член 108 каде на пример во дотичниот став велите: Ако производната цена е во границите тие и тие, маржата за промет на големо изнесува до 15, а на мало до 30. Синтагмата до 15 или до 30 дозволува огромен број можни проценти кои ќе бидат, согласно законот.

Некоја веледрогерија и малопродажба ќе одбира 15, 14, некоја 13, 12, 11, така не обезбедувате фиксни цени. Напротив, форсирате разноликост на цени.

Бидејќи навистина се заморив да го убедувам министерот овде ќе прекинам да говорам со единствен заклучок носиме, за жал, почитувани пратеници од владеачкото мнозинство директно учествувате во носењето на закон кој во Република Македонија во прометот со лекови ќе дозволи дискриминаторен пристап, ќе дозволи дампинг на цените, ќе дозволи хаос на пазарот со лекови и вие ќе си ја сносите сопствената одговорност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника од присутни 61 пратеник, за гласале 6, воздржани 3, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 108 став 6, поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 8, воздржани 1, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 108 став 7, поднесен од пратениците Азис Положани, Зумрете Јакупи, Блерим Беџети, Селвије Салиу и Ајше Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 7, воздржани 1, против 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 108 став 7, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Неколкуте амандмани што се поднесени од колегите од пратеничката група на СДСМ поврзани со членот 108 и формирањето на цените на лековите ми дава за право да размислувам во правец дека под плаштот на развој на економија и конкуренција во продажбата на лековите Владата и министерот строго застанаа зад интересите на веледрогериите во Република Македонија и на еден перфиден начин она за што деновиве само ги слушам држат прес конференции, напаѓаат за поранешни работи на поранешни функционери, изнесуваат лаги кои не им доликуваат, министерот за здравство се става во улога како и Министерството за здравство на обвинителство и на суд, изнесуваат паушални оценики, сега на еден перфиден начин преку законското решение застануваат исклучиво зад интересите на веледрогериите.

Имам претчувство дека вака предложеното законско решение од страна на Владата кое министерот го застапува, во првичниот момент може да доведе одредени веледрогерии кои имаат и малопродажба да извршат еден вид нелојална конкуренција на останатите аптеки и да доведат до еден период на намалување на цените во нивните малопродажни објекти. Општо познато во економијата кога ќе ги уништат сите останати малопродажни објекти односно аптеки кои се бават со малопродажба после тој период ќе следи до драстична монополизација и зголемување на цените на лековите.

Ме интересира, иако не добивме објаснување, зошто и во Македонија не може на лековите да биде означена фиксната цена, бидејќи прометот на лекови е една од областите каде најголем број држави од западноевропската унија не дозволуваат чисто економски натпревар и конкуренција.

Не мора подалеку да одите, отидете во соседството во една од членките на Западноевропската унија ќе видите дека во сите аптеки лекот со бандеролата која ја добива ја пишува и цената над која не може ни промил да биде поскап. Тоа е во сите аптеки во земјите од западноевропската унија.

Мислам дека со поддржувањето на ваков член на вакво решение од страна на Министертвото кое министерот се обидува да го објасни со преодните и завршните одредби од законот во овој момент е само замајување на јавноста, а последиците после година ќе ги почувствуваме.

Со министерот сме дебатирале околу тоа што значи фиксни цени, што значи релевантни цени, одредени цени, не е моментот, не сакам да ви одземам време, но длабоко сум убеден дека Владата и Министерството под влијание на веледрогериите во Република Македонија носат вакво законско решение.

Тоа решение ќе има далекусежни последици за Република Македонија, велам во првиот почетен период можеби не, Владата првата година со тоа ќе се фали, но моите скромни знаења од економијата ми укажуваат на фактот дека после една година ќе имаме драстично повисоки цени на лековите токму заради тоа што ќе биде оневозможена конкуренцијата при продажбата на лековите.

Од тие причини сметам дека овие амандмани на колегите од СДСМ требаше да бидат прифатени и тоа го очекуваат и фармацеутите кои имаат регисрирано малопродажни објекти односно кои имаат аптеки и тие се длабоко убедени во она што го разговарав во текот на вчерашниот и денешниот ден дека министерот ќе даде амандман онака како што им ветил. Но, еве до сега кај нас пртениците таков амандман не е стигнат и последиците ќе ги почувствуваме сите после една година.

Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 9, воздржани 3, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 108 став 7, поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 8, воздржани 1, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 108 став 8, поднесен од пратениците Азис Положани, Зумрете Јакупи, Блерим Беџети, Селвије Селиу и Ајше Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, за гласале 7, воздржани 1, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 108 став 8, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Имаме кворум.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, за гласале 7, воздржани 1, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 108 став 8, поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 8, воздржани 1, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 108 ставови 6, 7, 8 и 9, поднесен од пратеникот Јован Гинев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Селмани.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор господинот Јован Гинев.

**Јован Гинев:** Во интерес на времето амандманот го повлелкувам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Господине Најдовски уште инсистирате на збор? (Не).

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 108 ставови 6, 7 и 8, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за здравство, господинот Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Ова е уште еден од тие амандмани за кои што зборував во врска со формирањето на цените. Но она за што сега се јавувам, мене ми е жал што исто како нас размислуваат и голем дел од пратениците од парламентарното мнозинство по прашањето за формирање на цените за лековите но, за жал не смеат да го искажат своето мислење. Токму претходниот амандман од

господинот Јован Гинев беше ист како амандманот на пратениците од опозицијата, што значи дека и тој исто така размислува, дека не е добро законското решение кои што го предложи господинот министер и Владата. Но, за жал мораше да го повлече амандманот заради тоа што ако останеше амандмнот, тогаш ќе му се јавеше премиерот и ќе му кажеше уште еднаш да не му текнело да поднесе амандман. Јас уште еднаш сакам да кажам дека и понатаму останувам на тврдењето дека начинот на формирањето на цените кој што го предлага Владата не е добар. Би го искажал своето разочарување што и пратениците од парламентарното мнозинство иако сметаат дека не е добар начин што не можат да не поддржат во ова, но се надевам дека по извесен период токму тие ќе предложат измена на законското решение и ќе сватат дека носат погрешно решение.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика на говорот на господинот Најдовски.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Колега Најдовски, јас не знам дали би се согласила со вас. Јас мислам дека овде има намера господинот Јован Гинев цитирам, го предлага амандманот од причина што различната маржа ќе доведе до формирање на различни цени на лековите што всушност е спротивно на определбата на фармацевската фела за формирање на единствени цени. Така вели господинот Гинев. Но, ова можеби има намера да ги збуни токму претставниците на фармацевската фела кои беа убедени во тврдиот збор што му го даде министерот Селмани поткрепени со ист амандман од страна на пратеник од позицијата и тие беа убедени и верувам дека до овој момент сеуште не им беше замината надежта дека нешто може да се случи.

Јас амандманот на господинот Гинев кој сега пред малку е повлечен, го сметам за Тројански коњ, да се збуни фелата да не реагира по повод донесувањето на ваков закон.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски.** Господине претседателе, јас се согласувам со забелешката и дообјаснувањето од госпоѓа Бендевска и навистина е така. Кога го видов јас амандманот поднесен од господинот Гинев, си мислев дека тоа е расположение на парламентарното мнозинство и најверојатно тие очекуваа дека опозицијата нема да поднесе амандман и дека господинот Гинев кога ќе дојде време ќе го повлече амандманот и така да ја предухитрат опозицијата. Но, се согласувам со дообјаснувањето на госпоѓа Бендевска и сепак, опозицијата искрено разговарала со претставниците на Фармацевската комора и претставниците на приватните аптеки, а пратениците од парламентарното мнозинство кога разговарале ги поддржувале, а после тоа им ја откажаа поддршката. Сепак, ја прифаќам забелешката на госпоѓа Бендевска.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, за гласале 4, воздржано 1, против гласале 50 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Процедурално госпоѓа Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Барам почитуван претседателе согласно постигнатиот договор на координацијата помеѓу најголем дел од координаторите на пратеничките групи дека ќе работиме денес до донесување на законот за лекови. Би замолила поддршка од колегите пратеници за да може да изгласаме да работиме и после 18,00 часот.

**Љубиша Георгиевски:** Има ли поддршка? (Да)

Предлогот на госпоѓа Бонева го ставам на гласање.

Кој е за тоа да работиме и после 18,00 часот?

Вкупно гласале 51 пратеник, за гласале 50, воздржани нема, против 1.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

При присуство на 61 пратеник, гласале 51, за гласале 50, воздржани нема, 1 против.

Значи, ќе работиме и по 18,00 часот.

Отворам претрес по амандманот на член 108 став 9, поднесен од пратениците Азис Положани, Зумрете Јакупи, Блерим Беџети, Селвије Салиу и Ајше Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Имер Селмани.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, за гласале 6, воздржано 2, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 108 став 9, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, за гласале 5, воздржано 1, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 108 став 9, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Имер Селмани, министер за здравство.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, за гласале 5, воздржано 1, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 108 став 9, поднесен од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Имер Селмани, министер за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника, за гласале 4, воздржано 1, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 108 за додавање нов став 13 по ставот 12, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника, за гласале 3, воздржано 1, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 144 став 1, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, за гласале 3, воздржано 1, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 147 за заменување на ставот 1 со два нови ставови 1 и 2, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 55 пратеници, за гласале 6, воздржано 1, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 154 став 1 за бришење на точката 35, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Имер Селмани, министер за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандаманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, за гласале 6, 1 воздржано, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 156, поднесен од пратениците Весна Бендевска и Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Имер Селмани, повелете.

**Имер Селмани:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 6 гласале за, 1 воздржано, 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Сосема на краткот само да го објаснам начинот на кој пратеничката група од СДСМ ќе се произнесува по Предлог законот за лекови и медицински помагала.

Бевме конструктивни, имавме сериозна намера да го подобриме текстот на законот кој токму вие господине министер го предложивте. Имавме чесен однос и кон претставниците од фармацевската фела, имавме голем број средби со нив и бевме убедени дека дел од пратениците на владеачкото мнозинство, особено тие кои на некој начин припаѓаат на оваа фела ќе имаат разбирање и ќе гласаат не во корист на сопствените партиски ставови, туку во корист на добар закон во Република Македонија. За жал, во очи на гласањето на овој закон верувајте не би сакала да сум во ваша кожа, не би сакала да сум како вас да се соочувам со последиците од гласањето кое ќе следи и навистина очекував реакции од страна на фармацевската фела која очекуваше, на која им ветувавте дека ќе имате разбирање нивните барање да ги инкорпорирате токму во овој Предлог закон.

СДСМ, уште еднаш ќе повторам, нема да учествува во фарсата наречена донесување божемно европски закон кој ќе го уредува прометот со лекови и медицински помагала, а кој е предлог на Владата на Република Македонија под водство на Никола Груевски, која за жал немаше чувство овде сенс да ги задоволи реалните барања на граѓаните на Република Македонија и подлегна под евидентниот притисок од страна на фармацевската олигархија токму нивните интереси ги штити овој закон за кој вие почитувани колеги од владеачкото мнозинство ќе се произнесете.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријав ени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, за гласале 50, воздржано 1, против 9.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за лековите и медицинските помагала.

Овде ја прекинуваме работата.

Дополнително ќе бидете известени за содржината на нашата работа подоцна.

Благодарам на соработката.

(Седницата прекина во 18,07 часот)